Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-601/9
Датум: 27-12-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-601/1 од 4.9.2024 година, поднесена од [redacted] во име на нејзиниот малолетен син, со адреса на живеење на [redacted] во Гевгелија, против ООУ „Св. Климент Охридски"-Миравци за заштита од дискриминација врз основа на род во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020) на ден 13.12.2024 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на род во областа на образованието од страна на Основно општинско училиште ООУ „Св. Климент Охридски" кон [redacted]

## Образложение

На ден 4.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна на [redacted] во име на нејзиниот малолетен син [redacted] против Основно општинско училиште „Св. Климент Охридски"-Миравци за заштита од дискриминација врз основа на род во областа на образованието.

Подносителката на претставката првично наведе дека од страна на училиштето по телефонски пат била известена дека следниот ден нејзиниот син треба да дојде на училиште „среден". Наведува дека детето немало долга коса.

На ден 10.9.2024 година до Комисијата беше доставено Дополнување на претставката со бр. 08-601/2, од страна на [redacted] во име на нејзиниот малолетен син [redacted]

Според наводите од дополнувањето, подносителката на претставката на 1-ви септември 2024 година го испратила своето дете на училиште со коса собрана во опавче, со цел детето да изгледа уредно. Истиот ден, директорката на училиштето упатила усна наредба до одделенската наставничка да го отстрани опавчето на детето и да ја извести родителката дека следниот ден детето треба да дојде на училиште со средена фризура. Детето се вратило од училиште без да ја информира родителката за настанот, но во попладневните часови, таа била телефонски известена од страна на одделенската наставничка дека детето треба да ја промени фризурата и следниот училиштен ден да се појави среден. Подносителката ја информирала одделенската наставничка дека претходниот ден детето било на фризер, но одбило да ја скрати косата на горниот дел од главата, поради што косата била скратена само странично.
Во продолжение на претставката информира дека детето го слушнало телефонскиот разговор, земало ножички и плачејќи, само си ја скратило косата над очите. Наведува дека следниот ден, односно на 2-ри Септември, детето отишло на училиште со таа фризура без да ја скрати на фризер, но за разлика од првиот ден, сега му била пуштена, а не собрана. Подносителката, како родител, самоволно побарала разговор со директорката на училиштето со цел да добие образложение за причините поради кои детето било сметано за неуредно. Од страна на директорката било образложено дека училиштето има усвоено кодекс на однесување и кодекс на облекување. Подносителката побарала да види каде било пишано конкретното правило во врска со фризурата, бидејќи сметала дека таквото правило е


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

дискриминаторско и дека тоа претставува лична работа. Дополнително објаснила дека истата фризура ја имал и еден вработен во училиштето, како и девојче од деветто одделение, кое учи во истото училиште. Од страна на педагогот, подносителката била информирана дека ако детето не ја среди фризурата, ќе биде подложено на мерка укор. Во продолжение, подносителката објаснила дека фризурата на детето е моден тренд меѓу сите деца во фудбалскиот клуб каде игра нејзиното дете, и ако тоа е неопходно, ќе го запише детето во друго училиште. На ова, педагогот ѝ одговорил со зборовите: „Ајде пробај, ако мислиш дека можеш и е толку лесно, јас сум работела во три училишта, нигде не е дозволена таква фризура“. Целиот разговор се водел со викање и надвикување. Детето до моментот на поднесувањето на претставката сè уште било исплашено и таа смета дека наместо детето да биде трауматизирано на првиот училиштен ден, училиштето требало првично да ја контактира мајката за да се реши ситуацијата на покоректен начин.

<u>Во прилог на Дополнувањето беа доставени следните докази:</u>
1. Допис до ООУ „Св. Климент Охридски“
2. Известување од ООУ „Св. Климент Охридски“

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 16.9.2024 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката со бр. 08-601/3 до ООУ „Св. Климент Охридски“-Миравци.

На ден 25.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по претставката од страна на ООУ „Св. Климент Охридски“-Миравци, заведено под бр. 08-601/4. Во произнесувањето се наведува дека претставката била внимателно разгледана, биле земени предвид сите аспекти наведени во неа, било постапено и подносителката била писмено известена. Во прилог на произнесувањето беше доставен Допис бр. 03-243/4 од 1.10.2024 година од ООУ „Климент Охридски“-Миравци до [redacted]

Во дописот се наведува дека стручната служба на училиштето работи со цел да обезбеди најдобра поддршка за сите ученици и дека била отворена за комуникација и соработка за да се најде решение кое би било во интерес на сите ученици. Понатаму, училиштето изнесува дека е свесно за настанатото недоразбирање или емоционална реакција и со таа цел ја повикуваат подносителката да закаже средба за да се пронајде конструктивно решение. Целта на тимот на училиштето била да се обезбеди пријатна и поддржувачка средина за сите деца.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 28.10.2024 година испрати Барање за доставување на информации со бр. 08-601/5 до ООУ „Св. Климент Охридски“-Миравци. Комисијата побара од училиштето да информира на кој начин било постапено по наводите од претставката и, имајќи предвид дека подносителката на претставката била писмено поканета на средба, да известат за целта на средбата, исходот од истата итн.
Исто така, Комисијата информираше дека претходно има постапувано по слични предмети против училишта во државата и има утврдено дискриминација која произлегува од одредбите на Куќниот ред на предметните училишта, па оттука во прилог на Барањето за информации ги испрати донесените Мислење бр. 08-25/1 од 3.1.2024 година и Мислење бр. 08-27/1 од 3.1.2024 година на запознавање.

На ден 28.11.2024 година до Комисијата беше доставен Одговор на Барањето за доставување на информации од страна на ООУ „Св. Климент Охридски“-Миравци.

Во одговорот се наведува дека по приемот на претставката, училиштето постапило согласно протоколите за вакви случаи. Подносителката била повикана на средба со цел разгледување на наводите од претставката, утврдување на релевантните околности и дискутирање на можните решенија, но таа не се појавила на средбата. Понатаму, на ден 3.9.2024 година, подносителката ненајавена се појавила во училиштето, каде била примена од страна на директорката, психологот и одделенската наставничка. Разговорот бил воден во насока на позитивни укажувања и запознавање со правилата на однесување на училиштето. Од училиштето наведуваат дека директорката добронамерно укажала на тоа ученикот да доаѓа на училиште со средена фризура. Од страна на педагогот било посочено дека треба да се почитуваат Правилниците за учениците и Куќниот ред, но не било кажано дека за одредена фризура следува педагошката мерка укор. Наведено е дека ученикот не бил отстранет, туку нормално следел настава како и другите ученици. Изгледот на ученикот не бил искоментиран пред другите ученици, ниту пак бил исмејуван од страна на другите ученици.

Понатаму училиштето информира дека биле преземени мерки имајќи ги предвид двете мислења на Комисијата кои беа испратени на нивно запознавање. Имено, на ден 14.11.2024 година биле одржани состаноци со Одделенскиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор и била донесена одлука да се избрише точка 12 од Куќниот ред на ООУ „Св. Климент Охридски"-Миравци, која предвидува пристојно облекување и забрана за несредени фризури на учениците. Наведуваат дека правила на Куќниот ред биле воспоставени со цел да обезбедат безбедна и дисциплинирана средина за сите ученици, како и да поттикнат позитивни насоки и соодветно однесување кај учениците, а не за да дискриминираат.

<u>Во прилог на одговорот беа доставени следните докази:</u>

1. Писмено известување до родителот [redacted] од 1.10.2024 година;
2. Записник од разговор со родител бр [redacted] од 2.10.2024 година;
3. Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки;
4. Одговор до Народен прсвобранител бр. [redacted] од 22.10.2024 година;
5. Изјави од вработени во ООУ „Св. Климент Охридски"-Миравци;
6. Куќен ред на ООУ „Св. Климент Охридски"-Миравци;
7. Одлука за измени и дополнувања на Куќен ред бр [redacted]
8. Записник од Одделенски совет;
9. Записник од Совет на родители;
10. Записник од Училиштен одбор.

На ден 4.12.2024 година по извршен телефонски разговор со подносителката, таа по електронски пат до е-поштата на Комисијата достави Дополнување на претставката со бр. 08-601/7 и достави дополнителна документација. Во дополнувањето наведе дека имала сознание од вработени на училиштето дека благодарение на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, училиштето извршило измени на правилниците и Куќниот ред. Дополнително, таа тврди дека од страна на училиштето било побарано од вработениот кој ја имал истата фризура како и детето на подносителката, да ја промени.

<u>Во прилог на Дополнувањето беа доставени следните документи</u>:

1. Известување за запирање на постапката на Народен правобранител со бр. [redacted] од 26.11.2024 година;
2. Допис до Народен правобранител;
3. Допис до Градоначалникот на Општина Гевгелија;
4. Допис до ООУ „Св. Климент Охридски"-Миравци.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

На ден 5.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по електронски пат повторно беше доставена дополнителна документација од страна на [redacted], заведена под арх. бр. 08-601/8.

Во прилог беа доставени следните документи:

1. Известување за Иницијатива за надзор со бр. 09/1-1387/1 од 15.10.2024 година од Државен просветен инспекторат;
2. Допис до Државен просветен инспекторат.

По увид во претставката, произнесувањето по истата и сите приложени докази, Комисијата за спречување и заштита од дискириминација ја утврди следната фактичка состојба:

На првиот училишен ден, 1.9.2024 година, ученикот [redacted] се појавил на училиште со собрана коса. Косата на детето не била долга и тој ден го следел наставниот процес како и другите ученици. Изгледот на ученикот не бил коментиран, ниту бил исмејуван од страна на другите ученици. Исто така, истата фризура ја имал и еден вработен во училиштето, како и девојче кое учело во деветто одделение во истото училиште. Тој ден, во попладневните часови, подносителката била информирана дека детето следниот училиштен ден треба да дојде со средена коса. Детето го слушнало разговорот и само си ја скратило косата со ножички. На 2-ри септември детето отишло на училиште со пуштена коса. На 3-ти септември подносителката се појавила во училиштето за да разговара со надлежните вработени, при што била примена од страна на директорката, психологот и одделенската наставничка. За време на состанокот, подносителката била информирана за Куќниот ред и Кодексот на облекување на учениците. По поднесувањето на претставката, на 14.11.2024 година, училиштето организирало состаноци со Одделенскиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор, при што била донесена одлука да се избрише точката 12 од Куќниот ред, која предвидува пристојно облекување и забрана за несредени фризури кај учениците.

Подносителката случајот го пријавила и во Народниот правобранител и Државниот просветен инспекторат.

Државниот просветен инспекторат со Известување ИП1 бр. 09-61 од 29.10.2024 година ја известил подносителката дека на ден 25.10.2024 година бил извршен вонреден инспекциски надзор во ООУ „Климент Охридски"-Миравци, за што бил составен Записник ИП1 бр. 09-61 од 25.10.2024 година, при кој надзор не биле утврдени законски пропусти, со што Државен просветен инспекторат ПЕ Гевгелија ја запира постапката.

Од страна на Народниот правобранител, пак, со Известување за запирање на постапката НП бр. 2173/24 од 26.11.2024 година била известена дека претставник на Народниот правобранител на 26.11.2024 година во службен разговор со директорот на училиштето побарал информации за моменталната состојба и притоа бил известен дека детето редовно оди на училиште и дека нема никакви проблеми во однос на фризурата. Оттука, Народниот правобранител заклучил дека нема основ за понатамошно постапување и ја запрел постапката по претставката.

**Во оваа насока, член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дефинира дискриминацијата како:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

**Директната дискриминација е дефинирана во член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:**
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

**Законот за спречување и заштита од дискриминација во член 5 ја забранува секоја дискриминација врз основа на** *раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол,* ***род****, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Истата одредба ја содржи и **Законот за основното образование, кој во член 5 став 1 ја забранува секоја дискриминација врз основа на** *пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост,* ***род****, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.*

Во конкретниот случај, ученикот [redacted] е третиран поинаку од ученичка со слична фризура во истото училиште, односно од него е побарано да ја промени својата фризура со образложение дека е неуредна, додека од нејзе не било побарано истото. Комисијата цени дека Ваквото разликување произлегува од родовите стереотипи за тоа како момчињата и девојчињата "треба" да изгледаат. Таквите стереотипи не само што се застарени туку и штетни, бидејќи ги продолжуваат нееднаквите општествени очекувања врз основа на род. Таквата дискриминација испраќа порака кон ученикот дека тој не е слободен да се изрази на ист начин како неговите врсници, само поради неговиот род, што може да има долгорочни ефекти врз неговото чувство на идентитет, самодоверба и достоинство.

Во оваа смисла, односот на директорката на училиштето, која бара од ученикот да ја скрати косата, ја зацврстува стереотипната норма дека долгата коса е прифатлива за девојчињата, но не и за момчињата. Барањето на директорката не се базира на било какво објективно или разумно оправдување, туку е насочено кон ученикот само поради неговиот род, што може да се заклучи од фактот што (сега веќе избришаната) точка 12 од Куќниот ред, која предвидува пристојно облекување и забрана за несредени фризури кај учениците, не се применува подеднакво врз учениците и ученичките. Ваквото постапување претставува прекршување на принципот на еднаквост, кој гарантира дека сите, без разлика на полот и родот, се третираат подеднакво во слични ситуации.

Училиштето може да бара учениците да се однесуваат и облекуваат пристојно, но овие правила не смеат да бидат засновани на стереотипи и предрасуди, туку треба да бидат флексибилни и да го земаат предвид културниот, родовиот, етничкиот идентитет и другите идентитетски карактеристики на учениците. Стилот на облекување е клучен начин преку кој децата и младите се изразуваат себе си, своите интереси, идентитети и вредности. Училиштето е клучен простор за социјализација и оттука треба да биде средина во која учениците се поттикнати да се изразуваат на автентичен начин, а не да се вкалапуваат.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Согласно со член 21 став 1 точка 14, а во врска со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната

**П Р Е П О Р А К А**

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Климент Охридски"- Миравци да се воздржи од родово стереотипни дејствија и донесување на родово стереотипни правила за однесувањето во училиштето како во случајот.

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Климент Охридски"- Миравци да ги ревидира интерните акти како куќниот ред од аспект на родова еднаквост со цел преку нив да се промовира родова еднаквост наместо родови стереотипи.

Доколку ООУ „Климент Охридски"-Миравци не постапи согласно оваа препорака во рок од 3 месеци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
27.12.2024 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- ООУ „Климент Охридски"-Миравци, ул. „Гоце Делчев" бр. 35, 1489 с. Миравци, Гевгелија
- [redacted]